Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број:0801-286/2
13.10.2021 година

Постапувајќи по претставката бр. 0801-286/1 од 29.09.2021 година, поднесена од [redacted], против нејзината мајка [redacted], за извршена дискриминација во остварување на имотни права, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. весник на РСМ бр.258/2020) на 09.10.2021 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

О б р а з л о ж е н и е

На 29.09.2021 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против нејзината мајка [redacted], за извршена дискриминација во остварување на имотни права.

Во претставката, подносителката се жали на постапувањето на нејзината мајка [redacted] бидејќи ја дискриминирала од правото на имот кој го стекнала како оставина од нејзиниот покоен сопруг и татко на подносителката [redacted], согласно член 170 од ЗВП.
Во претставката подносителката се жали на дискриминаторски однос од страна на мајката бидејќи целиот наследен имот го препишала во сопственост на нејзиниот син [redacted]

На ден 28.03.2011 година, донесено е Решение О.бр.1071/11 УДР.бр.22/11, во кое има наведено дека, единствен законски наследник на оставината на [redacted] се огласува [redacted] – сопруга на целиот недвижен имот што претставува оставина со дадена позитивна наследничка изјава, додека останатите учесници (подносителката) [redacted] – ќерка и [redacted] син се изјасниле со дадена **негативна наследничка изјава** со неоспорно право на наследство меѓу себе и со јасно изразена волја, врз ваквите наследнички изјави Нотарот ја огласил [redacted] за наследник на недвижниот имот - предмет на оставина. Решението станало правосилно на 28.03.2011 година.

Од доставената документација од страна на подносителката [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за решено прашање, кое е регулирано со јасно изразена волја од страна на [redacted] за кое се жали на дискриминација.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. весник на РСМ бр.258/20) *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други.***


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други.***

Членот 5 од истиот закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не се работи за дискриминација туку за можни евентуални повреди на Законот за имот од добиен од наследство, или некој друг закон.

*Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе Управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација своите надлежности ги црпи од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па затоа одлучи да не постапува по претставката, како што е наведено во диспозитивот.

Известител: член на КСЗД
Лимко Бејзароски
13.10.2021 г

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:

1. [redacted]
[redacted] Општина Аеродром


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk